Уп. Бр.08-05/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **Словениа Бродбенд С.а.р.л** (Slovenia Broadband S.à.r.l), со регистрирано седиште на адреса Руе Едвард Стаихен 2, 2540 Луксембург, Големото Војводство Луксембург, преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 26.01.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која **Словениа Бродбенд С.а.р.л** (Slovenia Broadband S.à.r.l), со регистрирано седиште на адреса Руе Едвард Стаихен 2, 2540 Луксембург, Големото Војводство Луксембург, ќе стекне контрола над **Телелинк Бизнис Сервисис Груп АД** (Telelink Business Services Group AD), со регистрирано седиште на адреса Бизнис центар Ричхил, блок Б, 6 Панорама Софиа ул., Малинова Долина Вила Област, 1766 Софија, Бугарија, по пат на преземање на мнозински дел од акциите со право на глас во целното друштво иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 07.12.2021 година, а дополнето на 27.12.2021 година, 05.01.2022 година, и на 11.01.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од **Словениа Бродбенд С.а.р.л (Slovenia Broadband S.à.r.l)**, со регистрирано седиште на адреса Руе Едвард Стаихен 2, 2540 Луксембург, Големото Војводство Луксембург, со која **Словениа Бродбенд С.а.р.л ..** ќе стекне самостојна контрола над **Телелинк Бизнис Сервисис Груп АД (Telelink Business Services Group AD)**, со регистрирано седиште на адреса Бизнис центар Ричхил, блок Б, 6 Панорама Софиа ул., Малинова Долина Вила Област, 1766 Софија, Бугарија по пат на преземање на мнозински дел од акциите со право на глас во целното друштво.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација,

дополнувањата и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Словенија Бродбенд С.а.р.л** е во крајна сопственост на фондови кои ги советува **БЦ Партнерс ЛЛП (BC Partners LLP**), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

**БЦ Партнерс** има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- **Тотал ТВ ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и

- **ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности.

Исто така, на територијата на Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

Телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани друштва, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Fight Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа);

Услуги за огласување (Дирецт Медиа (Direct Media), Кас Медиа (Cas Media));

Телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград (Serbia Broadband – Srpske kablovske mreže d.o.o. Beograd) и Телемах д.о.о. Љубљана (Telemach d.o.o. Ljubljana).

**Телелинк Бизнис Сервисис Груп АД** претставува холдинг друштво кое управува со друштва кои се активни со информационо-комуникациски технологии. Главните деловни активности на Телелинк претставуваат административно-финансиските услуги, како и услугите на управување и поддршка на развој на работењето, како и продажбата на услуги на клиенти низ Бугарија и светот. Во Северна Македонија, Телелинк е присутен преку друштвото Телелинк Бизнис Сервисис ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Фјодор Достоевски 72/1-4/5, Карпош, Скопје, со дејност трговија на големо со компјутери компјутерска периферна опрема и софтвер .

**Словенија Бродбенд С.а.р.л** е во крајна сопственост на фондови кои ги советува БЦ Партнерс ЛЛП (BC Partners LLP), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

**БЦ Партнерс** има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

**Тотал ТВ ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и

**ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности.

**Телелинк Бизнис Сервисис Груп АД** претставува холдинг друштво кое управува со друштва кои се активни со информационо-комуникациски технологии. Главните деловни активности на Телелинк претставуваат административно-финансиските услуги, како и услугите на управување и поддршка на развој на работењето, како и продажбата на услуги на клиенти низ Бугарија и светот.
Во Северна Македонија, Телелинк е присутен преку друштвото Телелинк Бизнис Сервисис ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Фјодор Достоевски 72/1-4/5, Карпош, Скопје.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**